**Известување за концентрација која се однесува на стекнување на заедничка контрола од АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., Словенија и ИВИКОМ Холдинг ГмбХ над друштвата Славонија Пауер д.о.о., Република Хрватска, и Билогора Пауер д.о.о., Република Хрватска**

**(предмет бр. 08- 97 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.06.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и ИВИКОМ Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на адреса Виеднер Хауптштрасе 76/2/1, А-1040 Виена, Република Австрија над друштвата Славонија Пауер д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Дамира Томљановиќа – Гаврана 11, 10000 Загреб, Република Хрватска, и Билогора Пауер д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Дамира Томљановиќа – Гаврана 11, 10000 Загреб, Република Хрватска, преку купопродажба на удели.

**-АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.** е словенечко друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови, основано кон крајот на 2020 година, со регистрирана главна дејност – управување со фондови. АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. управува со специјализиран инвестициски фонд АЛФИ зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија, („**АЛФИ Грин Енерџи Фонд**"), кој извршува активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика за инвестирање, во ветерни и фотонапонски електрани кои произведуваат електрична енергија преку трансформација на ветерна и сончева енергија како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој.

Алфи Групата во поширока смисла (кои ги опфаќа АЛФИ Ренуаблс и АЛФИ Грин Енерџи Фонд) има регистрирано присуство локално присуство преку индиректни зависни друштва и остварува приходи во Северна Македонија по пат на (i) продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца, како и (ii) консултантски дејности во областа на информациската технологија.

**-ИВИКОМ Холдинг ГмбХ** е холдинг друштво на ИВИКОМ Групата која претежно се занимава со советување, изградба и управување со ветерни електрани. ИВИКОМ е создадено во 2021 година, по одвојувањето од друштвото Ивиком Консалтинг кое е основано во Република Австрија во 1991 година. Освен со наведените активности, ИВИКОМ се занимава и со истражување на ветерен потенцијал и развој на проекти за ветерни електрани.

ИВИКОМ Групата не е присутна и не остварува приходи во Северна Македонија.

**-Славонија Пауер д.о.о.** е основано во јануари 2022 година, како друштво за посебна намена (на анг. special purpose vehicle) со цел да ја развие фотонапонската електроцентрала „*Тренково*", со приклучена моќност од 9,99 MW, во општина Тренково, Република Хрватска. Друштвото Славонија Пауер поседува одредени средства, дозволи и права за развој и изградба на фотонапонската електроцентрала „*Тренково*".

Друштвото Славонија Пауер д.о.о. сѐ уште не е активно на пазарот, нема инсталирани капацитети и нема остварено било какви приходи, но по завршувањето на изградбата на фотонапонската електроцентрала „*Тренково*” во Република Хрватска ќе ја врши дејноста експлоатација на фотонапонска електроцентрала, односно производство и продажба на електрична енергија добиена од сончева енергија.

Славонија Пауер д.о.о. не остварува приходи и нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

**-Билогора Пауер д.о.о.** е основано во март 2023 година, како друштво за посебна намена (на анг. special purpose vehicle) со цел да ја развие фотонапонската електроцентрала „*Велика Писаница*”, со приклучена моќност од 5,8 MW, во општина „*Велика Писаница*”, Република Хрватска. Друштвото Билогора Пауер поседува одредени средства, дозволи и права за развој и изградба на фотонапонската електроцентрала „*Велика Писаница*”.

Друштвото Билогора Пауер д.о.о. сѐ уште не е активно на пазарот, нема инсталирани капацитети и нема остварено било какви приходи, но по завршувањето на изградбата на фотонапонската електроцентрала „*Велика Писаница*” во Република Хрватска ќе ја врши дејноста експлоатација на фотонапонска електрана, односно производство и продажба на електрична енергија добиена од сончева енергија.

Билогора Пауер д.о.о. нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би требало да се дефинира како ***пазар за производство и продажба на електрична енергија на големо***.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

26.06.2024 година

Скопје